**До**
**Собранието на акционери на ТТК Банка АД**

**Информација за резултатите од извршената оцена на соодветноста за членови на Надзорниот одбор на ТТК Банка АД Скопје**

Во согласност со точка 18 од Одлуката за правилата за добро корпоративно управување во банка („Сл. весник на Република Македонија“ бр. 24/18 и бр. 113/19) Надзорниот одбор е должен да изврши оцена на соодветноста на кандидатот за член на Надзорниот одбор.

Во согласност со точка 19 од наведената Одлука, оцена за соодветноста на кандидат за член на Надзорен одбор се врши пред секое именување нов член на Надзорниот одбор од страна на Собранието на Банката.

Собранието на акционери на Банката на седницата одржана на ден 2.7.2020 година донесе одлука за именување на Драгица Јовановска за член на Надзорниот одбор на Банката, како и одлука за именување на Владо Камбовски за независен член на Надзорниот одбор на Банката.

Оцените за соодветност на кандидатите за членови на Надзорниот одбор на Банката Драгица Јовановска и Владо Камбовски беа донесени од страна на Надзорниот одбор на ден 2.7.2020 година.

Во согласност со точка 22 од Одлуката за правилата за добро корпоративно управување во банка („Сл. весник на Република Македонија“ бр. 24/18 и бр. 113/19) Надзорниот одбор е должен да го извести Собранието на акционери на Банката за резултатите од извршените оцени на соодветноста на кандидатите за членови на Надзорниот одбор на Банката.

Врз основа на обезбедената документација, како и врз основа на извршените анализи на знаењето и искуството што го има, судирот на интересите, објективноста при одлучувањето, репутацијата и други карактеристики, утврдена е позитивна оцена за соодветноста за именуваните членови на Надзорниот одбор на Банката.

Скопје, септември 2020 година **НАДЗОРЕН ОДБОР**